04-65/8

16. 01 2024 год.

Врз основа на член 15 од Законот за технолошки индустриски развојни зони ("Службен весник на Република Македонија" бр. 14/07, 103/08, 130/08, 139/09, 156/10, 127/12, 41/14, 160/14, 72/15, 129/15, 173/15, 192/15, 217/15, 30/16 и 83/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.13/23), член 22 и 23 од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23), а во врска со член 5 став 1, член 6 став 1, член 20-г и член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.143/19 и 14/20), Одлуката за потреба од вработување бр.04-1687/1 од 26.12.2023 година, Записникот за административна селекција од работата на Комисијата за селекција бр.04-65/5 од 15.01.2024 година и Записникот за спроведено интервју од работата на комисијата за селекција бр.04-65/6 од 16.01.2024 година, како и јавниот оглас бр.01/2023 за вработување на неопределено време на 7 (седум) извршители - помошно-технички лица во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони објавен на ден 27.12.2023 година, во дневните весници „Нова Македонија" и ,,Коха", Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони ја донесе следната:

## ОДЛУКА
## за избор на кандидат по објавен јавен оглас за вработување

1. Од пријавените кандидати по јавниот оглас број 01/2023, објавен на ден 27.12.2023 година во дневните весници „Нова Македонија" и ,,Коха", за засновање на работен однос на неопределено време во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, на работно место Администратор помошник за евиденција на стоки, лица и транспортни средства во ТИРЗ во Одделение за евиденција и контрола во зони во Сектор за управување, стопанисување и одржување на зони и односи со корисници (Локација на работно место: ТИРЗ Штип) – Шифра: ТИР0405Б06002........................1 (еден) извршител – Албанец (ка), се избира кандидатот Елена Андоновска од Штип.

2. Изборот меѓу пријавените кандидати е извршен согласно Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-175/2 од 17.01.2023 година, како и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони бр.01-894/1 од 29.05.2023 година, бр.01-894/5 од 02.11.2023 година и бр.01-894/8 од 06.12.2023, а врз основа на спроведена администратвна селекција и спроведено интервју, од што е утврдено дека избраниот кандидат во целост ги исполнува бараните услови.

3. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1 на оваа Одлука, по конечноста на одлуката, за што ќе се склучи договор за вработување.

4. Оваа одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

### ***Образложение***

Врз основа на Одлуката за потреба за вработување бр.04-1687/1 од 26.12.2023 година, Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони на ден 27.12.2023 година во дневните весници "Нова Македонија" и „Коха", објави јавен оглас број 01/2023 за вработување на неопределено време на 7 (седум) извршители - помошно-технички лица во Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони, меѓу кои и 1 извршител – Албанец (ка) на работното место Администратор помошник за евиденција на стоки, лица и транспортни средства во ТИРЗ во Одделение за евиденција и контрола во зони во Сектор за управување, стопанисување и

одржување на зони и односи со корисници (Локација на работно место: ТИРЗ Штип) – Шифра: ТИР0405Б06002.

Комисијата ги разгледа доставените пријави за што состави Записникот за административна селекција од работата на Комисијата за селекција бр.04-65/5 од 15.01.2024 година, потоа спроведе интервју за што состави Записникот за спроведено интервју од работата на комисијата за селекција бр.04-65/6 од 16.01.2024 година, врз основа на што Директорот на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони ја донесе Одлуката како во диспозитивот.

Директор
Јован Деспотовски

**Правна поука:** Незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од 8 дена до Управниот Одбор на Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони од денот на приемот на одлуката.

Изработил: Благородна Трајковска
Одобрил: Ирена К. Стојанова